Во подпрограмата **РА – Заштита на животната средина и природата (Капитални трошоци)**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 300.000,00 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 500.000,00 денари.

Во подпрограмата **Љ0 – Заштита и спасување**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 360.000,00 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 940.000,00 денари.

Во подпрограмата **Џ1 – Родова еднаквост**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 400.000,00 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 600.000,00 денари.

Во подпрограмата **В1 – Социјална заштита и заштита на деца**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 2.100.000,00 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 14.750.000,00 денари.

## Измени во расходите од блок дотации

Во делот на расходите од **Блок дотации** наменети за финансирање на активностите на основните училишта и детските градинки се предлага намалување за вкупно 2.132.000,00 денари. Предложеното намалување на вкупните расходите на блок дотациите за вкупен износ од 2.132.000,00 денари произлегува од извршеното пребивање на намалувањето на планираниот вишок на приходи кај блок дотациите за основните училишта за износ од 5.159.000,00 денари за да истиот се усогласи со точниот износ на салдото на вишокот на приходи на основните училишта на 01.01.2022 година со зголемувањето на планираниот вишок на приходи на детските градинки во износ од 3.027.000,00 денари за да се усогласи со точниот износ на салдото на вишокот на приходи на детските градинки на 01.01.2021 година. Со ова блок дотациите од вкупно 492.239.000,00 се намалени на 490.107.000,00 денари. Во рамки на расходите од блок дотации, кај **Програмата Н1 - Основно образование** каде се предлага намалување од 5.159.000,00 денари со што вкупниот износ на планирани расходи од вкупно 381.396.000,оо денари би изнесувал вкупно 378.237.000,00 денари кои се наменети за финансирање на активностите на основните училишта во Општина Гази Баба. Расходите за финансирање на активностите на детските градинки, **Програмата В1 - Детски градинки**, се зголемува за 3.027.000,00 денари со што вкупниот износ планирани расходи од 110.843.000,00 денари би изнесувал 113.870.000,00 денари кои се наменети за финансирање на активностите на детските градинки во Општина Гази Баба.

## Измени во расходите од донации

Во делот на **Расходите од донации** се предлага зголемување за вкупно 1.300.000,00 денари со што вкупниот износ на расходи од донации од вкупно 82.200.000,00 денари би изнесувал вкупно 83.500.000,00 денари. Предложеното зголемување на расходите од донации за вкупен износ од 1.300.000,00 денари произлегува од зголемувањето на планираните донации во подпрограмата **В1- Детски градинки** во износ од 1.000.000,00 денари и од зголемувањето на расходите на планираните донации во подпрограмата **Е0 Општинска администрација** во вкупен износ од 300.000,00 денари.

Во делот на **вкупните планирани приходи и расходи од самофинансирачки активности и во делот на вкупните планирани приходи и расходи од кредити**, не се предлагаат дополнувања и измени, при што остануваат во истите износи како што се планирани во Буџетот за 2022 година.

**Сектор за финансиски прашања**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - МАРТ 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 10.05.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2854/33**
**Од 13.05.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 32 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), член 36 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2022 година, Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на 10.05.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - МАРТ 2022 ГОДИНА**

1. Се усвојува извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2022 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2592/35**
**од 10.05.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

**Квартален извештај за извршување на буџетот на општина** **за извештајниот период (кумулативно) за квартал**

**од** **до** **година**

Општина :
Извештаен период : **од** **до** **година**
Датум на поднесување:

| | Буџет | | Самофинансир. активности | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | | Останува за реализац. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | |
| **ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :** | **661.428.000** | **122.848.325** | **45.000.000** | **5.456.814** | **492.239.000** | **113.310.751** | **82.200.000** | **7.506.467** | **0** | **0** | **1.280.867.000** | **249.122.357** | **1.031.744.643** |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ :** | **292.702.000** | **68.857.594** | **42.200.000** | **4.403.541** | **487.089.000** | **103.348.062** | **23.950.000** | **2.565.481** | **0** | **0** | **845.941.000** | **179.174.678** | **666.766.322** |
| **КАПИТАЛЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :** | **24.572.000** | **37.462.006** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **24.572.000** | **37.462.006** | **-12.890.006** |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ :** | **393.298.000** | **71.193.539** | **2.800.000** | **0** | **5.150.000** | **0** | **58.250.000** | **4.504.179** | **0** | **0** | **459.498.000** | **75.697.718** | **383.800.282** |
| ***ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :*** | ***661.428.000*** | ***122.848.325*** | ***45.000.000*** | ***5.456.814*** | ***492.239.000*** | ***113.310.751*** | ***82.200.000*** | ***7.506.467*** | ***0*** | ***0*** | ***1.280.867.000*** | ***249.122.357*** | ***1.031.744.643*** |
| **71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **392.408.000** | **114.089.676** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **392.408.000** | **114.089.676** | **278.318.324** |
| 711 Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 18.710.000 | 5.147.157 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.710.000 | 5.147.157 | 13.562.843 |
| 713 Даноци на имот | 62.950.000 | 44.850.052 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 62.950.000 | 44.850.052 | 18.099.948 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 310.648.000 | 64.088.716 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 310.648.000 | 64.088.716 | 246.559.284 |
| 718 Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 100.000 | 3.751 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 3.751 | 96.249 |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **3.680.000** | **883.396** | **45.000.000** | **5.456.814** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **48.680.000** | **6.340.210** | **42.339.790** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 1.230.000 | 492.065 | 0 | 2.057 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.230.000 | 494.122 | 735.878 |
| 723 Такси и надоместоци | 50.000 | 0 | 45.000.000 | 5.394.165 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.050.000 | 5.394.165 | 39.655.835 |
| 725 Други неданочни приходи | 2.400.000 | 391.331 | 0 | 60.592 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.400.000 | 451.923 | 1.948.077 |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **265.340.000** | **7.875.253** | **0** | **0** | **492.239.000** | **113.310.751** | **82.200.000** | **7.506.467** | **0** | **0** | **839.779.000** | **128.692.471** | **711.086.529** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 265.340.000 | 7.875.253 | 0 | 0 | 492.239.000 | 113.310.751 | 0 | 0 | 0 | 0 | 757.579.000 | 121.186.004 | 636.392.996 |
| 742 Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.200.000 | 7.506.467 | 0 | 0 | 80.200.000 | 7.506.467 | 72.693.533 |
| 744 Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 0 | 2.000.000 |
| **75 ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 754 Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :*** | ***24.572.000*** | ***37.462.006*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | **24.572.000** | **37.462.006** | **-12.890.006** |
| **73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **24.572.000** | **37.462.006** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **24.572.000** | **37.462.006** | **-12.890.006** |
| 733 Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања | 24.572.000 | 37.462.006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24.572.000 | 37.462.006 | -12.890.006 |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 743 Капитални донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | Буџет | | Самофинансир. активности | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | | Останува за реализац. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | |
| ***ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ :*** | ***292.702.000*** | ***68.857.594*** | ***42.200.000*** | ***4.403.541*** | ***487.089.000*** | ***103.348.062*** | ***23.950.000*** | ***2.565.481*** | ***0*** | ***0*** | ***845.941.000*** | ***179.174.678*** | ***666.766.322*** |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **60.290.000** | **13.117.747** | **0** | **0** | **391.044.000** | **92.566.351** | **0** | **0** | **0** | **0** | **451.334.000** | **105.684.098** | **345.649.902** |
| 401 Основни плати | 37.370.000 | 8.064.375 | 0 | 0 | 280.000.000 | 66.647.782 | 0 | 0 | 0 | 0 | 317.370.000 | 74.712.157 | 242.657.843 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 13.990.000 | 3.074.109 | 0 | 0 | 111.044.000 | 25.918.569 | 0 | 0 | 0 | 0 | 125.034.000 | 28.992.678 | 96.041.322 |
| 404 Надоместоци | 8.930.000 | 1.979.263 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.930.000 | 1.979.263 | 6.950.737 |
| **41 РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.200.000** | **155.556** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.200.000** | **155.556** | **1.044.444** |
| 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 0 | 400.000 |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 800.000 | 155.556 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 155.556 | 644.444 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **150.719.000** | **33.607.619** | **42.200.000** | **4.403.541** | **96.045.000** | **10.781.711** | **15.400.000** | **2.565.481** | **0** | **0** | **304.364.000** | **51.358.352** | **253.005.648** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.965.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 6.350.000 | 1.640.225 | 0 | 0 | 8.615.000 | 1.640.225 | 6.974.775 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 46.315.000 | 11.472.248 | 7.300.000 | 1.305.677 | 42.315.000 | 7.497.923 | 100.000 | 23.100 | 0 | 0 | 96.030.000 | 20.298.948 | 75.731.052 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 12.821.000 | 8.979.715 | 26.000.000 | 2.384.132 | 10.120.000 | 1.329.001 | 1.660.000 | 106.302 | 0 | 0 | 50.601.000 | 12.799.150 | 37.801.850 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 33.460.000 | 6.381.550 | 4.700.000 | 308.343 | 36.410.000 | 1.092.039 | 450.000 | 0 | 0 | 0 | 75.020.000 | 7.781.932 | 67.238.068 |
| 425 Договорни услуги | 23.850.000 | 715.431 | 2.000.000 | 108.072 | 7.200.000 | 862.748 | 4.600.000 | 458.154 | 0 | 0 | 37.650.000 | 2.144.405 | 35.505.595 |
| 426 Други тековни расходи | 14.308.000 | 1.079.809 | 1.900.000 | 297.317 | 0 | 0 | 2.240.000 | 337.700 | 0 | 0 | 18.448.000 | 1.714.826 | 16.733.174 |
| 427 Привремени вработувања | 18.000.000 | 4.978.866 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.000.000 | 4.978.866 | 13.021.134 |
| **45 КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **100.000** | **84.999** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** | **84.999** | **15.001** |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 100.000 | 84.999 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 84.999 | 15.001 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **61.293.000** | **10.295.249** | **0** | **0** | **0** | **0** | **8.550.000** | **0** | **0** | **0** | **69.843.000** | **10.295.249** | **59.547.751** |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | 26.282.000 | 5.661.582 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 26.282.000 | 5.661.582 | 20.620.418 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 14.171.000 | 2.973.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.171.000 | 2.973.000 | 11.198.000 |
| 464 Разни трансфери | 20.840.000 | 1.660.667 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.550.000 | 0 | 0 | 0 | 29.390.000 | 1.660.667 | 27.729.333 |
| **47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **4.900.000** | **1.119.235** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.900.000** | **1.119.235** | **3.780.765** |
| 471 Социјални надоместоци | 4.900.000 | 1.119.235 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.900.000 | 1.119.235 | 3.780.765 |
| **49 ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **14.200.000** | **10.477.189** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **14.200.000** | **10.477.189** | **3.722.811** |
| 492 Отплата на главнина кон домашни институции | 14.200.000 | 10.477.189 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.200.000 | 10.477.189 | 3.722.811 |
| ***ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ :*** | ***393.298.000*** | ***71.193.539*** | ***2.800.000*** | ***0*** | ***5.150.000*** | ***0*** | ***58.250.000*** | ***4.504.179*** | ***0*** | ***0*** | ***459.498.000*** | ***75.697.718*** | ***383.800.282*** |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **393.298.000** | **71.193.539** | **2.800.000** | **0** | **5.150.000** | **0** | **58.250.000** | **4.504.179** | **0** | **0** | **459.498.000** | **75.697.718** | **383.800.282** |
| 480 Купување на опрема и машини | 4.050.000 | 56.462 | 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.250.000 | 56.462 | 5.193.538 |
| 481 Градежни објекти | 0 | 0 | 400.000 | 0 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 | 1.000.000 |
| 482 Други градежни објекти | 375.648.000 | 71.084.967 | 300.000 | 0 | 1.500.000 | 0 | 58.250.000 | 4.504.179 | 0 | 0 | 435.698.000 | 75.589.146 | 360.108.854 |
| 483 Купување на мебел | 300.000 | 0 | 900.000 | 0 | 1.050.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.250.000 | 0 | 2.250.000 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 5.300.000 | 52.110 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.300.000 | 52.110 | 5.247.890 |
| 486 Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 0 | 2.000.000 |
| 489 Капитални субвенции за претпријатија и невладини орга | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.000.000 | 0 | 8.000.000 |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ :**

**Лице за контакт**

**Градоначалник**

**Образец К2**
**Квартален извештај за достасани ненамирени обврски**

**Општина:** Гази Баба
**Квартал:** **ПРВ КВАРТАЛ** од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година
**Датум на поднесување на извештајот:** 15.4.2022
(ден, месец, година)

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | **Вкупно** | |
| јануари | | 8.099.256 | | | **0** | **8.099.256** |
| февруари | | 21.614.827 | | | **0** | **21.614.827** |
| март | | 6.557.524 | | | **0** | **6.557.524** |
| април | | | | | **0** | **0** |
| мај | | | | | **0** | **0** |
| јуни | | | | | **0** | **0** |
| јули | | | | | **0** | **0** |
| август | | | | | **0** | **0** |
| септември | | | | | **0** | **0** |
| октомври | | | | | **0** | **0** |
| ноември | | | | | **0** | **0** |
| декември | | | | | **0** | **0** |

**Образложение:**

*(во денари)*

| **Расходна ставка** | **Вкупно обврски** |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 404 | |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 414 | |
| 420 | |
| 421 | |
| 423 | |
| 424 | 2.206.149 |
| 425 | |
| 426 | |
| 427 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 453 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | |
| 464 | |
| 465 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 480 | |
| 481 | |
| 482 | 4.351.375 |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | |
| 486 | |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| 493 | |
| **Тотал** | **6.557.524** |

Изработил : М-р Маја Кочијева

Одобрил : М-р Мариела Христова

ГРАДОНАЧАЛНИК
**Бобан Стефковски**

**Образец КЗ**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

**Општина:** **ГАЗИ БАБА**

**Извештаен период :** **од** **01.1.2021** **година** **до** **31.3.2021** **година**

( ден, месец, година) ( ден, месец, година)

**Датум на поднесување на извештајот:** **15.04.2021 година**

( ден, месец, година)

**Долг на општината** *( во оригинална валута)*

| Ред. број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка % | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во | Гарантиран (да/не) | Периодичност на (а, б, в, г,д) | Датум на отплата на главнина: Прв | Датум на отплата на главнина: Последен | Датум на отплата на камата: Прв | Датум на отплата на камата: Последен | Достасана обврска ( во извештајниот: Главнина | Достасана обврска: Камата | Датум на достасување на | Платена обврска ( во извештајниот: Главнина | Платена обврска: Камата | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска: Главнина | Достасана неплатена обврска: Камата | Состојба на долгот за извештајниот период**: на | Состојба на долгот за извештајниот период**: на крајот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Под - заем бр. МСИП/28 | Кредит за Проект за подобрување на општинските услуги | Министерство за финанисии на Р. Македонија | Денари | 90.583.675 | 6-месечен ЛИБОР - евра | 9 години | 3 години | 0 | Да | В | 10.8.2016 | 10.2.2022 | 10.2.2014 | 10.8.2022 | 6.877.919 | 3.069 | 10.8.2017 | 6.877.919 | 1.555 | 09.2.2022 | 0 | 0 | 90.583.675 | 0 |
| 2 | Под проект бр. МСИП/008 | Под проект за изградба на вакумска и пречестителна станица за комунални отпадни води во населено | Министерство за финанисии на Р. Македонија | Денари | 71.985.281 | 6-месечен ЛИБОР - евра | 10 години | 3 години | 0 | Да | В | 10.3.2022 | 10.9.2031 | 10.3.2022 | 10.9.2031 | 3.599.264 | 74.884 | 15.3.2022 | 3.599.264 | 74.884 | 15.3.2022 | | | 71.985.281 | 68.386.017 |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

**Долг на ЈП основани од општината** *( во оригинална валута)*

| Ред. број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка % | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит (да/не) | Периодичност на отплата* (а, б, в, г,д) | Датум на отплата на главнина: Прв | Датум на отплата на главнина: Последен | Датум на отплата на камата: Прв | Датум на отплата на камата: Последен | Достасана обврска ( во извештајниот период): Главнина | Достасана обврска: Камата | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период): Главнина | Платена обврска: Камата | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот: Главнина | Достасана неплатена обврска: Камата | Состојба на долгот за извештајниот период**: на почетокот | Состојба на долгот за извештајниот период**: на крајот | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

Изготвил : М-р Мариела Христова

Контролирал :

Одобрил : М-р Маја Кочијева

тел. 3226-655

ГРАДОНАЧАЛНИК

**Бобан Стефковски**

*	а)месечно; б)квартално; в) полугодишно; г) годишно; д) друго;

**	Податоците се однесуваат на главнина на долгот

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОТРЕБЕН ОБРАЗОВЕН КАДАР ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" И ЈУДГ "25 МАЈ"**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на информацијата за потребен образовен кадар во детските градинки ЈУДГ "Детска радост" и ЈУДГ "25 Мај", што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 10.05.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2854/34**
**Од 13.05.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на 10.05.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОТРЕБЕН ОБРАЗОВЕН КАДАР ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' И ЈУДГ ''25 МАЈ''**

1.Советот на Општина Гази Баба ја усвои информацијата за потребен образовен кадар во детските градинки ЈУДГ ''Детска радост'' и ЈУДГ ''25 Мај'', бр.09-2583/1 од 29.04.2022 година, доставена од член на Совет на Општина Гази Баба - Дарко Стојановски.

2. Заклучокот и информацијата да се достават до секторот за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности, подносителот на информацијата и Министерство за труд и социјална политика.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2592/36**
**од 10.05.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА, ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање и утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10.05.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2854/35**
**Од 13.05.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 6 став (1) и став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/09), член 11 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14 и 4/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на 10.05.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ПРИФАЌАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА, ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба го прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС), помеѓу Општина Гази Баба и Општина Ѓорче Петров, бр.08-2605/2 од 03.05.2022 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба, врз основа на претходно направена Процена за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС), помеѓу Општина Гази Баба и Општина Ѓорче Петров, бр.08-2605/1 од 03.05.2022 година.

### Член 2

Советот на Општина Гази Баба го утврдува прифатениот Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС), помеѓу Општина Гази Баба и Општина Ѓорче Петров, бр.08-2605/2 од 03.05.2022 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба, за вршење на работи од надлежност на овластен градежен инспектор - административен (државен) службеник од Општина Ѓорче Петров (давател на услуга) за потребите и за сметка на Општина Гази Баба (корисник на услуга).

### Член 3

Процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС), помеѓу Општина Гази Баба и Општина Ѓорче Петров, бр.08-2605/1 од 03.05.2022 година, Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС), помеѓу Општина Гази Баба и Ѓорче Петров, бр.08-2605/2 од 03.05.2022 година и примерок од оваа одлука, да се доставaт до Општина Ѓорче Петров.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2592/37**
**од 10.05.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА**
**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**
**СТАТУТОТ НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10.05.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2854/36**
**Од 13.05.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 89/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, бр.02-83/3 од 06.05.2022 година, Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на 10.05.2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, бр.02-83/3 од 06.05.2022 година, донесена од управниот одбор на на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/22).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2592/38**
**од 10.05.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10.05.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2854/37**
**Од 13.05.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 14 став (4) од Законот за јавните патишта (''Службен весник на РМ'' бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.174/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на 10.05.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Во Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр,17/21) во делот ''II.ПРИХОДИ'' бројот ''33.800.000,00'' се заменува со бројот ''45.800.000,00''.

2. Табеларниот преглед на програмата се менува и гласи:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

## III. РАСХОДИ

**Расходите во висина на приходите во износ**

| Бр. | | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА: БУЏЕТ НА ОГБ содржани во ФА | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ (ЈП за државни патишта) | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | Ј6 | За редовно одржување со крпење на ударни дупки на локалните патишта и улици и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 0,00 | | 0,00 | | | | **0,00** |
| 2 | Ј6 | Инвестиционо одржување (надградба со зајакнување на коловозни конструкции) на пристапни улици и патишта, кои претставуваат делници на локален пат и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 38.800.000,00 | | 2.000.000,00 | | | | **40.800.000,00** |
| 3 | ЈД | Предвидено зимско одржување на ЛГБ 1, ЛГБ 4, ЛГБ 8, ЛГБ 2 и улици во надлежност на општината | | 7.000.000,00 | | 3.800.000,00 | | | | **10.800.000,00** |
| | | | | | | | | | | |
| | | ВКУПНО | | **45.800.000,00** | **0,00** | **5.800.000,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **51.600.000,00** |
| | | | | | | | | | | |
| | | Структура во % | | **88,76** | **0,00** | **11,24** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | |

3. Во делот "IV.Преглед на планирани приходи и расходи", прегледот се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| "Вкупно планирани приходи: | по точка 2.1 | 51.600.000,00 ден. |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | 51.600.000,00 ден. |
| Вкупно планирани расходи: | по точка 3.1 | 0,00 ден. |
| | по точка 3.2 | 40.800.000,00 ден. |
| | по точка 3.3 | 10.800.000,00 ден. |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | 51.600.000,00 ден. " |

4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2592/39**
**од 10.05.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Статутарно - правна комисија**
С К О П Ј Е

Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, на седницата одржана на 06.05.2022 година, го утврди Пречистениот текст на Статутот на Општина Гази Баба.

Пречистениот текст на Статутот на Општина Гази Баба ги опфаќа: Статут на Општина Гази Баба Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.14/12), Статутарна одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.10/13), Исправка на Статутарна одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.11/13), Статутарна одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.14/13), Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.12/14) и Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/22), во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

**Број 09-2692/1**
**од 06.05.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА,**
**Иван Симоновски, с.р.**

# СТАТУТ
# НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
## (пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Општина Гази Баба е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија (''Службен весник на РМ'' бр.55/04).

### Член 2

Со овој Статут на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: општината), во согласност со закон, се уредуваат:

- организацијата и работата на органите на општината;
- организацијата и работењето на комисиите на Советот на општината;
- вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност;
- начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на општината;
- начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината и постапување по нив;
- начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;
- начинот на објавувањето на прописите на Советот;
- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба, во вонредна состојба, во кризна состојба и во заштита и спасување;
- месната самоуправа;
- начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на општината;
- како и други прашања од значење за општината.

**Член 3**

Определени прашања сврзани со остварувањето на надлежностите, процедурите за работа и одлучување во Советот на општината, поблиску се уредуваат со Деловник на Советот на општината (во натамошниот текст: Деловник).

Деловникот го донесува Советот на општината (во натамошниот текст: Совет), со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 4**

Општината е правно лице.

**Член 5**

Седиштето на Општина ГАЗИ БАБА е во Скопје на улица "Архимедова" бр.2.

**Член 6**

Општината има право на сопственост.

**Член 7**

Општината има свој грб и знаме кои се уредуваат со одлука на Советот на општината.

**Член 8**

Општината Гази Баба има свој печат.

Печатот на Општина Гази Баба има форма на круг со пречник од 30 мм., во чија средина се наоѓа грбот на општината, околу него во горната половина на кругот е впишан текстот "Република Македонија", а на долната половина на кругот е впишан текстот "Скопје". На горната половина на кругот, под текстот "Република Македонија" е впишан текстот "Општина Гази Баба".

Текстот на печатот е на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Печатот што го има општината, го употребуваат Советот на општината, Градоначалникот и општинската администрација на Општина Гази Баба.

**Член 9**

Општина Гази Баба има свој празник.

Празник на општината е 3-ти ноември, денот на првото конституирање на општината.

**Член 10**

Општината членува во Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија.

**Член 11**

Во вршењето на своите надлежности, општината може меѓусебно да соработува со другите општини.

Заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините, општината може со другите општини да здружува средства и да формира заеднички јавни служби, во согласност со Закон.

Со цел за извршување на одделни надлежности, општината може исто така со другите општини да формира заеднички административни тела во одредени области, во согласност со Закон.

Општината може да соработува и со единиците на локалната самоуправа на други земји, како и со меѓународни организации на локалните заедници, како и да членува во меѓународни организации на локалните власти.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### Органи на Општината

**Член 12**

Органи на Општината се: Совет и Градоначалник.

**1.Совет**

**а) Конституирање**

**Член 13**

Конституирањето на Советот, се врши со верификација на мандатите на членовите на Советот, избрани на начин утврден со закон и со давање и потпишување на свечената изјава со содржина утврдена со закон.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот, по предлог на Верификационата комисија што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

**Член 14**

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот.

**б). Права и должности на членовите на Советот**

**Член 15**

Членот на Советот има права и должности утврдени со закон и со овој Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот и давање и потпишување на свечената изјава.

**Член 16**

Членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните во општината;
- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот;
- да бара од администрацијата на општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;
- да бара и добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;
- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија и
- членот на Советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Советот на општината.

**Член 17**

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

**Член 18**

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести Претседателот на Советот и Претседателот на комисијата.

Членот на Советот кој од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, има право да побара од Советот одобрение за отсуствување од седниците.

По барањето од ставот 2 на овој член, Советот одлучува без претрес.

**в) Претседател на Советот**

**Член 19**

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членовите на Советот.

Предлог за Претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Изборот на Претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на Претседател на Советот се уредува со Деловникот.

**г) Начин на работа**

**Член 20**

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да одржува свечени и вонредни седници.

**Член 21**

Денот, часот и местото на одржување на редовна седница на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи на седницата се објавуваат на огласна табла на Општината.

Претседателот на Советот може да одлучи денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред да се објават во средствата за јавно информирање.

**Член 22**

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, а може да одржува свечени седници и за ислушување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на општината.

**Член 23**

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните и во случаи на вонредни околности.

Вонредна седница на Советот свикува Претседателот на Советот по сопствена иницијатива или на барање од најмалку 1/3 од членовите на Советот или на предлог на Градоначалникот.

Поканата за вонредна седница заедно со предлогот на дневен ред на членовите на Советот им се доставува на најбрз можен начин.

Пред отпочнувањето со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница, без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 24**

Во случај на спреченост или отсутност на Претседателот на Советот, на седницата претседава најстариот член на Советот.

**Член 25**

Советот може да одлучи со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, гласањето по определени прашања да биде тајно.

**Член 26**

Свикувањето на седниците на Советот, утврдувањето на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања сврзани со работата на Советот, поблиску се уредуваат со Деловникот.

**2. Градоначалник**

**Член 27**

Градоначалникот ги врши своите надлежностите во рамките утврдени со закон и овој Статут.

**Член 28**

Градоначалникот присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот и посебните тела на општината, без право на одлучување.

Градоначалникот може да определи и свои претставници кои присуствуваат и учествуваат во работата на седниците на Советот, неговите комисии и посебните тела на општината.

**Член 29**

Градоначалникот редовно го известува Советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со Статутот.

**Член 30**

Градоначалникот обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината.

Градоначалникот управува со сопственоста на општината од јавен интерес и како добар домаќин.

Градоначалникот е должен, во управувањето со сопственоста на општината, да презема мерки и да го обезбедува користењето, одржувањето и заштитата на сопственоста на општината во согласност со закон.

**Член 31**

Градоначалникот соработува со градоначалниците на другите општини по прашања од заеднички интерес од надлежност на општините.

**Член 32**

Новоизбраниот Градоначалник ја презема должноста од претходниот Градоначалник во рок од седум дена од денот на изборот.

Градоначалникот ја врши професионално својата функција.

За време на вршењето на функцијата, Градоначалникот не може да врши друга професионална дејност.

Градоначалникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење во Советот.

Градоначалникот со решение определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случај на спреченост или отсуство, согласно закон.

За настанувањето на спреченост или отсуство, Градоначалникот го известува Претседателот на Советот и членот на советот кој ќе го заменува.

На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за времето кога го заменува Градоначалникот.

Претседателот на Советот не може да го заменува Градоначалникот.

Платата и надоместоците на Градоначалникот, како и надоместокот за членот на Советот кој го заменува Градоначалникот се уредува со закон.

**а) Секретар**

**Член 33**

Градоначалникот на општината од редот на раководните државни службеници од општинската администрација именува Секретар на општината.

Мандатот на Секретарот на општината трае колку и мандатот на Градоначалникот.

**3. Посебни тела на општината**

**а) Комисија за односи меѓу заедниците**

**Член 34**

Во општината се формира комисија за односи меѓу заедниците (во натамошниот текст: комисија).

Комисијата ја сочинуваат по (1) еден претставник на заедниците кои се застапени во општината, со мандат од 4 (четири) години.

**Член 35**

Одлука за формирање на комисијата донесува Советот, на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член, по претходно добиени предлози на политичките партии застапени во Советот.

**Член 36**

Комисијата од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на комисијата, со јавно гласање.

**Член 37**

Комисијата работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на комисијата.

